Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 29, 15 октомври 2009 година

октомври 2009 година
Штип

СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент од областа германски јазик на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научно подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 5

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научно подрачје биологија-биохемија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научно подрачје стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 19

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основи на педагогија“ од проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева од Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 35

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Теорија на воспитание“ од проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева од Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 37

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ОД ОБЛАСТА ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2402-101/12 од 10.8.2009 год., донесена на 10. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет, одржана на 10.8.2009 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на помлади асистенти - асистенти за група предмети по германски јазик на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Дневник”, на 11.7.2009 година, и во предвидениот рок се пријавила кандидатката Анета Мишеска - дипломиран филолог по германски јазик и книжевност со македонски јазик – преведувачка насока.

Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **Анета Мишеска** е родена на 24 октомври 1977 година во Прилеп. Дипломира на Филолошкиот факултет во Скопје и се стекнува со право на стручен назив - дипломиран филолог по германски јазик и книжевност со македонски јазик - преведувачка насока, со просечен успех 8,15. Во моментов има пријавено тема за изработка на магистерски труд со наслов *„Германските заемки во македонскиот јазик (техничка терминологија)”* од 16.6.2004 година (писмо бр. 07-289/3), но сè уште не го одбранила.

Работно искуство стекнува како координатор и едукатор во Ромското радио „Тернипе” и NGO, како професор по германски и англиски јазик во државни и приватни училишта, како овластен преведувач на нотарите од Прилеп, и како волонтер во Младинскиот совет. Активно зборува англиски, српски и хрватски јазик, а пасивно ги познава грчкиот, бугарскиот и латинскиот јазик. Во документацијата наведува дека по потреба би доставила и препораки. Од вештините кои ги поседува наведува дека има знаења од работа со канцелариски материјали и опрема, MS Word, Excell, Corel Draw, Out look, Internet.

Има сертификат за компетециите по англиски јазик, издаден од Универзитетот во Мичиген (не е заверен на нотар) и потврда за учество на курс организиран од Гете институтот во периодот од 2 до 26.8.2004 г.

Наведува учество на следниве значајни семинари и работилници, како и добиени сертификати:

1. Certificate of competency in English, May 2003, Michigan (USA).
2. Trainer for ICT in Primary Schools 2006/2007 (Bitoial, Prilep) (USAID Project) /нема доставено доказ;
3. Проект за модернизација (тема: Оценување и планирање во образованието), декември 2006 г. (нема доставено доказ);
4. Деловен германски јазик, Гете институт, Берлин, јули - август 2004 г.;
5. Fachkommunikation - Goethe Institut, München, June 2009-09-09. (нема доставено потврда);
6. DW Akademie Nachrichten und aktuelle Programme, April , May 2007, Bonn;
7. Certificate for business plan-basic training, Prague, November 2004;
8. Linux, напредно ниво, April 2009 (нема доставено доказ);

9. Екстерно оценување (критериуми) БРО Прилеп, мај 2009 г. (нема доставено доказ);
10. Методи и техники за настава во германски јазик, август 2005, БРО Скопје (нема доставено доказ);
11. Нови наставни материјали, учебници по германски јазик, август 2006, БРО - Скопје (нема доставено доказ);
12. Игрите во наставата по германски јазик, август 2007, БРО, Скопје (нема доставено доказ);
13. заменик-претседател за Претседателски и Парламентарни избори на РМ во 2006, 2008 и 2009 г.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 129 (помлад асистент) и 130 (асистент) од Законот за високото образование на РМ, го даваме следниов заклучок и предлог.

Кандидатката **Анета Мишеска** нема одбрането магистерски труд од областа германски јазик и според тоа **не го исполнува условот за избор во звање помлад асистент/асистент на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“.**

**Рецензентска комисија**

**Доц. д-р Биљана Ивановска, с.р.**
**Проф. д-р Петар Рау, с.р.**
**Доц. д-р Душко Алексовски, с.р.**